**ЗАПИСНИК**
**од 54 (Педесет и четвртата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 21 октомври 2024 година (понеделник)**

Педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 21 октомври 2024 година (понеделник), со почеток во 09.00 часот, во просториите на Уневерзитет за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатовска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска и Благица Цветановска.

На 54. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 54. седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 59-та седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред со единсвена точка Советнички прашања.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Советнички прашања**

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот го стави на гласање Дневниот ред за педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош.

По извршеното гласање беше констатирано дека, со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен Дневниот ред за работата на педесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Благица Цветановска и го постави следното прашање:

1. **Како може да работи на секторот за урбанизам при тоа што има спорна програма, и да се достават сите правни акти кои што произлегуваат од програмата за именување и дополнување на програмата за Урбанистичко планирање за 2024 година која што е незаконски донесена.**

За збор се јави градоначалникот и даде одговор на поставеното прашање

За збор се јави Невена Георгиевска и го постави следното прашање:

1. **Како се добиени 2 паркинг места за електрични возила на улица Њу Делхиска број 6, и кога ќе се добијат информации од извршениот увид од комуналната инспекција?**
2. **Дали во попладневните часови инспекцијата излегува на терен и врши увид поради палење на стрништа и на кабли на отворено?**

За збор се јави Татјана Стојановска и ги постави следните прашања:

1. **Да се даде образложение од урбанизам, за тоа како е направена приватизацијата на улица Женевска и да се приложи историјатот за пренамената на улица Женевска.**
2. **Барање одговор од инспекторатот за поместувања и поставување на табли на улица Партизанска кај Институтот за социолошки правни истражувања. Дали се направил увид за понатамошните дејствија и што се планира, затоа што просторот се оградува?**
3. **Дали е одговорено на барањето, од организациона единица 62 број 193-1, поднесено на 23 септември?**
4. **Дали е информирана општината за сечењето на дрвата кај библиотеката Другарче и кој го извршил и дали имал дозвола за да го изврши?**
5. **Што се случува со предметот за бучавата од пералната на булевар 8ми Септември (кај Алумина)?**
6. **Дали има нови информации во врска со паркот во Карпош 4, и дали има информација за тоа дали ќе се прави испитување или директно ќе се гради паркот?**
7. **Молба да се достави, финансиска анализа на досегашните средства потрошени за изградбата на општинската зграда.**
8. **Дали се запоцна со користење на компостарите поставени во основните училишта и како сето тоа е прифатено од децата.**
9. **Дали има некоја информација за временскиот период од кога ќе се започне со подигање на хаварисани возила?**

За збор се јави Бранко Ристов и го постави следното прашање:

**1. Дали е извршен инспекциски увид на делот таканаречен ‘’пољана’’, над Козле и ако не е извршен зошто е тоа така?**

За збор се јави Ивана Петковска и го постави следното прашање:

1. **Со кои проекти Општина Карпош аплицираше на повикот од владата за доделување на финансиски средства од унгарскиот кредит за општините.Колку од проектите се одобрени колу се одбиени и која е сумата која е одобрена.**
2. **Да се добие појаснување за рокот и за каков тип на проекти се работи кои можат да бидат прифатени при аплицирање.**

Градоначалникот Јакимовски даде одговори на повеќето поставени прашања како дел од раководителите кон кои беа поставени прашањата.
**Советниците побараа одговорите да бидат доставени до советниците на писмено.**

За збор се јави Славко Митевски и го постави следното прашање:

1. **Во контекст на покачување на цената на градинките се отвара прашањето дали директорките на истите можат да донесат акт со кој може да се користат службените возила 24/7 и дали има евиденција дали се користат и како се користат.**

За збор се јави градоначалникот и даде одговор на поставеното прашање дека градинките имаат управен одбор кој може да го регулира горенаведеното.

За збор се јави Предраг Станковски и го постави следното прашање:

**1.Барање од жителите на населено место Бардовци за проширување на водоводната мрежа, бидејќи постојано создава големи проблеми нискиот притисок со кој се соочуваат луѓето кои живеат тамо.Тоа се должи на зголемена офанзива на градби кои се одвива таму а постоечкиот водовод е предвиден за помал број објекти.**
**2. Кога се планира реконстрикција на главната улица преку кој се стигнува до населено место Бардовци со можност поставување и на велосипедска патека, моментално таа истата е во многу лоша состојба.**
**3.Како трето прашање по барање на група жители од населено место Бардовци од страна на општината да се постават лежечи полицајци за поголема безбедност, односно да се постави вертикална и хоризонтална сигнализација.**
**4.Жителите на бардовци се соочуваат со голема еколошка катастрофа односно покрај течението на река лепенец се создадени големи диви депонии, дали општината има начин и можност да ја реши настанатата ситуација.**
**5.Прашање дали општината има во план да се прошири и рекуструира надвозникот во населено место Бардовци.**
**6.Дали може да се реагира околу дивижењето на тешки товарни возила кои со товареност над дозволеното ги оштетуваат коловозите во населено место Бардовци.**

Градоначалникот поземен збор соодветно одговори на дел од поставените прашања во кои ингеренции има самата Општина, но укажа дека дел од прашањата треба да бидат наменети кон други институции кои имаат надлежност за наведените проблеми при тоа посочи кои се тие институции.

За збор се јави Убавица Игнатовска и  го постави следното прашање:
**1.Кога Општина Карпош планира да воведе зонско паркирање во урбана заедница Карпош 3.**

Градоначалникот поземен збор соодветно одговори на поставеното прашање.

Се разви дискусија околу програмата за урбанистичко планирање кој за дел од советниците е спорен начинот на нејзино донесување и за ред други проблеми кои ги посочија членовите на советот , но истите по соодветна расправа околу истите помеѓу членовите на советот Христо Саракинов, Татјана Стојановска, Раководителите на сектори и Градоначалникот Јакимовски се објаснија ситуациите кои се во моментална состојба.

За збор се јави Добрила Андоновска и побара при идно соопштение на страната на Општина Карпош, да се наведат телефонските броеви од месните заедници во пресрет на акцијата која се спрема за подигање на хаварисани возила на територија на Општината.

Раководителот на сектор инспекција даде појаснување околу акцијата која се планира да се спроведе во онос на постапката и текот на целата акција.

За збор се јави Адријана Јакимовски Панчевска и  го постави следното прашање:

1. **Дали и кога се планира санација на плочникот во Порта Влае од страната на Партизанска?**

Со образложение дека сопсвениците на деловни објеќти постојано се жалат и неможат нормално да финкционираат.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 54  (педесет и четвртата) редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 11:15 часот.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-2483/4**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**